НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во натамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е установа која што се занимава со дејноста за заштита на спомениците на културата, како и со музејска како основна дејност. Во рамките на основната дејност ги врши и следните работи:

- ги разгледува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата, предлага донесување прописи и преземање мерки во врска со заштитата на спомениците на културата и презема мерки во рамките на својата надлежност;
- ги проучува, истражува и со научни методи обработува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата;
- води регистар на спомениците на културата;
- води стручна евиденција и документација за спомениците (положба, степен на загрозеност, мерки на заштита);
- изработува студии, елаборати, анализи и други студиско-аналитички материјали за заштита на спомениците на културата;
- изработува проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;
- врши и организира изведба на козерваторско-реставраторски и други работи на непосредна заштита на спомениците на културата;
- врши експертиза, вештачење, ревизија и слични работи од областа на заштитата на спомениците на културата;
- донесува решенија за утврдување и губење својство споменик на културата и други поединечни управни акти во прв степен согласно со закон;
- учествува во управни постапки што ги водат други надлежни органи;
- врши непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата и реставрацијата на спомениците на културата и на спроведувањето на техничко-заштитните и други мерки за заштита на спомениците на културата;
- издава публикации од областа на заштита на спомениците на културата и пропаганден материјал за спомениците;
- врши и други стручни и управни работи во областа на заштитата на спомениците на културата, што му е ставено во надлежност со закон;
- систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;

- организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви, прикажување на филмови и други форми на дејствување заради запознавање на граѓаните, со музејскиот материјал и нивното воспитно-образование и културно издигнување;

- обезбедува услови за користење и за научно и стручно проучување на музејскиот материјал;

- води влезна книга, книга на инвентар, картотека на музејскиот материјал и друг вид на евиденција и документација;

- врши ревизија на музејскиот материјал;

- издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал;

- врши и други работи во областа на музејската дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај основната врши и дополнителна дејност и тоа:

1. Галериска дејност, односно организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност;
2. Издавачка дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп во согласност со Статутот своите задачи ги остварува преку организациони единици (сектори) кои се состојат од одделенија и преку истите стручните лица во согласност со Правилникот за организација на работата ја вршат својата дејност.

За 2007 година НУ Завод и Музеј - Прилеп до Министерството за култура на Република Македонија конкурираше со 30 проекти од кои 13 проекти ги финансираше. Напоредно со реализацијата на проектите се работеше и на Програмите за ревалоризација на недвижното и движното културно наследство која беше во целост финансирана од страна на Министерството за култура. Покрај тоа реализирани се уште седум проекти во рамките на вонпрограмските активности, а беа извршени и увиди на поголем број споменици на културата, археолошки локалитети како и други објекти во општините Прилеп, Долнени, Кривогаштани и Крушево.

I . Заштита и користење на недвижното културно богатство

1. Ревалоризација на недвижно културно наследство

Врз основа на Законот за заштита на културното наследство, Управата за заштита на културното наследство изготви програма со која во текот на 2006, 2007 и 2008 г. треба да се ревалоризира недвижнотото културно наследство, а во текот на 2007 г. и движните споменици на културата. Во почетокот на 2007 г. беа одржани неколку средби на стручни лица од Установите и Управата со цел да се дадат насоки за успешно реализирање на оваа акција. Како еден проблем би се потенцирал и добивањето на потребни документи од Државниот завод за геодетски работи кои покрај што финансиски ги оптеретуваат овие проекти, за одредени објекти особено за оние кои се правеше ревалоризација Ex Lege, напоредно која се одвиваше со ревалоризацијата на недвижното културно наследство.

Министерството за култура оваа година во целост ја финансираше програмата за ревалоризација на недвижно и движно културно наследство.

Врз основа на програмата за ревалоризација на објекти Ex Lege се работеше на изработка на елаборати за:

1. Градска библиотека “Борка Талески” – Прилеп
2. Архив на Македонија – Подрачно одделение – Прилеп

и елаборати за ревалоризација на споменици на културата:

1. Меморијален музеј “11 Октомври 1941” – Прилеп
2. Меморијален музеј “Кузман Јосифоски – Питу” – Прилеп
3. Спомен дом “Блаже Конески” – с. Небрегово. општина Долнени
4. Споменичка целина Стара Чаршија – Прилеп
5. Манастир Трескавец со црква Успение Богородичино – Прилеп
6. Саат Кула – Прилеп
7. Чарши Џамија – Прилеп
8. Могила на Непобедените – Прилеп
9. Манастир со црква Св.Никола, с. Слепче – општина Долнени
10. Работилница за оружје за време на Илинденското востание – Крушево
11. Црква Св. Никола – Крушево

12. Црква Св. Јован (иконостас) – Крушево
13. Куќата на Никола Карев – Крушево
14. Куќата во која е прогласена Крушевската Република – Крушево
15. Тврдината Маркови кули – споменички комплекс – Варош - Прилеп
16. Црква Св. Благовештение – Прилеп
17. Црква Св. Никола, с.Манастир – Прилеп
18. Манастир Св. Архангел Михаил, Варош - Прилеп
19. Споменик Илинден – Крушево

2. Ревалоризација на движно културно наследство – збирки

Врз основа на Законот за заштита на културното наследство, во текот на 2007 год. се направија и елаборати за ревалоризација на движните споменици на културата односно збирките во рамките на НУ Завод и Музеј – Прилеп, во поедини области како:

Одделение за историја на уметност

1. Збирка на икони во депото на НУ Завод и Музеј – Прилеп и Галерија на икони;
2. Збирка на графички листови, сликарски прибор и други предмети;
3. Збирка на уметнички дела од современа уметност.

Одделение за историја

1. Збирка на оружје и воена опрема од Илинденскиот период;
2. Збирка историски предмети од Преродбенскиот и Илинденскиот период;
3. Збирка оружје и воена опрема од Периодот меѓу двете светски војни и НОВ;
4. Збирка оружје и воена опрема од Периодот меѓу двете светски војни, НОВ и повоениот период;
5. Збирка фотографии од Илинденскиот период, периодот меѓу двете светски војни и НОВ и повоениот период-изградба.

Одделение за археологија

1. Збирка на движен археолошки материјал од неолитско време;
2. Збирка на движен археолошки материјал од енеолитско време;
3. Збирка на движен археолошки материјал од бронзено и железно време;
4. Збирка фибули од т.н. малоазиски тип.

1. Збирка на археолошки предмети од антички период;
2. Збирка на нумизматички предмети;
3. Збирка на епиграфски предмети.

1. Збирка на археолошки предмети од средновековниот период.

Музеј за тутун

1. Збирка експонати за уживање тутун, народна манипулација со тутунот, алатки за изработка на експонати за уживање тутун и пирогени;
2. Збирка каширани фотографии, Уметнички дела и стари книги;
3. Индустриска збирка, рекламирање и финални производи од тутун.

Одделение за етнологија

1. Збирка на традиционални дрвени покуќински предмети;
2. Збирка на традиционален накит;
3. Збирка на традиционални метални покуќински предмети и занаетчиски алати;
4. Збирка на традиционални керамички предмети;
5. Збирка на традиционална текстилна покуќнина и народни носии.

Одделение за конзервација

1. Проектен елаборат за конзерваторско-реставраторски работи на Царски двери во Св. Никола, с. Зрзе;
2. Проектен елаборат за конзерваторско-реставраторски работи на иконите од ризницата на Манастирот Трескавец.

3. Проекти

1. Проект за документација на дуќаните во чаршијата во Прилеп

Проектот за документација на дуќаните во Стара чаршија кој беше започнат во 2006 година, продолжи и во 2007 година. Активностите во рамките на пристигнатите средства, се продолжени со обработка на архитектонската документација. Катастарските податоци и останатата документација којашто треба да се добие од Геодетската управа – одделение Прилеп и којашто треба да биде основа на понатамошните истражувачки работи направени врз споменичкиот комплекс е платена во Државниот геодетски завод – Скопје, а во текот на првите месеци од 2008 година треба конечно да се добијат скиците и имотните листови на дуќаните во Стара чаршија – Прилеп.

2. Проект за Меморијалниот музеј "11-ти Октомври 1941", замена и кровна конструкција, дренажа, санација и преуредување.

По барање на носителот на проектот НУ Завод и Музеј – Прилеп, за постојниот објект Меморијален музеј "11-ти Октомври 1941", изработен е Основен проект под бр.08-626/1 од 28.12.2007 година.

Идејата за препокривање, санација, поставување на дренажа околу самиот објект како и преуредување на дел од внатрешноста на објектот е базирана на фактот да постојниот објект заради трошноста на градежните материјали кои се употребени при неговата изградба ги нагризува забот на времето, а со самото тоа и доаѓа до распаѓање на самиот објект. За таа цел како би се одржал самиот објект предложено е од носителот на проектот да се изведат одредени констуктивни и неконструктивни зафати како би се овој објект реконструирал и со тоа би ја задржал и самата автентичност и историското значење. При проектирањето на објектот запазени се позитивните технички норми во врска со материјалите, волуменот и височината на истиот за да не дојде до нарушување на архитектонско-урбанистичките вредности на околината и традицијата на местото каде што истиот ќе се реконструира и санира.



Меморијален музеј "11-ти Октомври 1941"

4. Конзерваторско-реставраторски работи – Архитектура

1. Дренажа на манастирската црква од манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил во Варош - пренамена на средствата за изградба на нова камбанарија

По добиените средства од Министерството за култура за проектот "Дренажа на манастирската црква од манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил во Варош", средствата се пренаменија за реализација на првата фаза од основниот проект за објектот Камбанарија односно расчистување на постојниот објект.

По барање на градителот Манастир "Св. Архангел Михаил" – Варош во округот на самиот манастирски комплекс е предвидена изградба на нова Камбанарија на местото на постојната. За таа цел е пристапено кон изработка на Идеен проект кој содржи архитектонска документација од постојната состојба на камбанаријата (ситуација, основи, пресек и изглед), фото документација и проект за новата камбанарија.

Идејата за изградба на нова камбанарија на местото на постојната е базирана на фактот да постојната камбанарија која е изградена со современи градежни материјали (а.б. конструктивни елементи) не содејствува со внатрешноста на самиот

манастирски комплекс која е изведена односно изградена од природен гранитен камен. За таа цел како би се вклопил и овој објект во самиот комплекс е предложено од градителот т.е. инвеститорот да се изведи нов објект на местото на постојниот од носива а.б. конструкција, но овие конструктивни елементи би се покриле со слој од природен гранитен камен. Покривот на новопредвидениот се предвидува да биде од бакарен лим. Самиот објект би бил изведен од елементи и детали кои би биле најавтентични до оние објекти кои се граделе низ нашата историја.

Инаку самиот објект е со димензии во основа на приземје 3х3м и висина од 7,27м од нивото на теренот.

Со помош на финалната обработка на објектот (фасадата) објектот термички се заштитува, а исто така ја задржува и автентичноста односно се вклопува во екстериерот на самиот манастирски комплекс.



Манастир “Св. Архангел Михаил” – Варош

2. Конзервација на архитектурата и реконструкција на тремот на црквата Св. Никола, с. Манастир, Мариово

Реализацијата на проектот отпочна со археолошко – архитектонски истражувања кои ги диктираа работите во оваа фаза од проектот, односно продолжувањето на консолидацијата на конструктивниот систем со уфрлање на А.Б. темелни сегменти под носивите ѕидови од објектот. Напоредно се отвораа, истражуваа и конзерваторски реализираа сонди во внатрешноста на објектот од надворешниот северен и надворешниот јужен ѕид од објектот, согласно зацртаниот обем за работа. Археолошките истражувања се одвиваа под раководство на д-р Бранислав Ристески, научен соработник од Институтот за старословенска култура од Прилеп.

Уфрлањето на темелните армирано бетонски греди и сегменти во должина од 50 до 120 см. (зависно од ситуацијата и позицијата) се одвиваше постапно по точно определени сонди по претходно нивно целосно археолошко и архитектонско истражување не нарушувајќи ја така статиката на објектот и во зависност од позицијата, по претходно поткопување на темелот во висина од 60 па се до 120 см. и длабочина на поткопување на темелот до 15 см.

Врз основа на дополнително доставениот анекс (под бр. 08-236/7 од 13.12.2007 год. на истата пријава од овој проект се изврши археолошки истражувања во западниот дел од манастирскиот комплекс, под раководство на д-р Бранислав Ристески, научен соработник од Институтот за старословенска култура од Прилеп.



Црква Св. Никола, с. Манастир, Мариово

5. Икони, иконостаси, фрески

1. Конзервација на икони и други предмети од ризницата на манастирот Трескавец

Раководител на тимот:

- Дарко Николовски, историчар на уметност, виш конзерватор.

Членови на тимот:

- Валентина Поцевска, академски сликар, виш конзерватор;
- Горан Стојаноски, академски сликар, конзерватор;
- Светлана Мамучевска- Миљковиќ, биохемичар - виш конзерватор.

Список на икони земени за конзервација

- 15 икони (деисис со апостоли) од иконостасот на Манастирот Трескавец


1. ск 20635 Апостол Тома
2. ск 20636 Апостол Јаков
3. ск 20637 Апостол Андреј
4. ск 20638 Апостол и евангелист Марко
5. ск 20639 Апостол Петар
6. ск 20640 Апостол и евангелист Јован
7. ск 20641 Мајка Божја
8. ск 20642 Исус Христос
9. ск 20643 Свети Јован Претеча
10. ск 20644 Апостол Павле
11. ск 20645 Апостол и евангелист Матеј
12. ск 20646 Апостол и евангелист Лука
13. ск 20647 Апостол Симеон
14. ск 20648 Апостол Вартоломеј
15. ск 20649 Апостол Филип



Конзерваторско-реставраторска постапка:

Врз основа на конзерваторско-реставраторските истражувања и степенот на оштетеност на дадените икони, се примени следната конзерваторска постапка:

• Обезмастување и чистење на носачот со раствор од алкохол и дестилирана вода;
• Дезинсекција на дрвото со ксиламон;
• Зацврснување на дрвената маса со раствор од паралоид Б-72 (3-7%);
• Реконструкција на отпаднатите делови од дрвената маса со дрвен кит;
• Прилепување на пукнатините во дрвото со туткално лепило / паркетажа на поголемите пукнатини;
• Спојување на распуканите даски со дрвени типли и туткално лепило;
• Прицврстување на отпаднатите лајсни со дрвени типли и туткално лепило;
• Отстранување на трулите делови од дрвото и нивна замена со соодветни парчиња дрво;
• Отстранување на накнадно прикованите клинци и кај св. Симеон додатно прикованата метална плочка;
• Фиксирање на подлогата и боениот слој со прилепување на заштитна хартија со 5% туткал и инектирање на 7% туткал на потклобочените места;
• Пополнување на шуплините во дрвото (под боениот слој) со реставраторски грунд;
• Китирање на оштетените површини предвидени за реконструкција со реставраторски грунд (гипс и калциум со 9% туткал) и опшивање на останатите делови ;
• Ретуширање на китираните површини со акварелни бои;
• Реконструкција на златната фолија со прилепување на златни ливчиња и нивно патинирање со акварелни бои;
• Отстранување на оригиналниот слој од лак со коктел од органски растворувачи (алкохол, ацетон и терпентин / диметил формамид и терпентин);
• Нанесување на изолационен слој од алкохолен лак врз ретушираните површини;
• Нанесување на нов слој од заштитен лак.



2. Конзервација на Царските двери од манастирот Трескавец

Истражувачки тим во состав:

Дарко Николовски, историчар на уметност, виш конзерватор, раководител на истражувачки работи и членови на тимот: Невенка Величковска, академски сликар, виш конзерватор; Горан Стојаноски, академски сликар, конзерватор; Светлана Мамучева, биохемичар - конзерватор.

Царските двери (ск 16996) од црквата Свети Никола, с. Зрзе, Прилеп се дело на истакнатиот сликар Онуфриј Аргитис од средината на 16 век. Неговиот сликарски опус во Македонија се врзува првенствено за црквите врзани за Прилепскиот регион, Свето Преображение во манастирот Зрзе и селската црква Св. Никола во истото село од каде потекнуваат и царските двери предмет на нашиот интерес во овие конзерваторски истражувања.

За попрецизни сознанија, околу сочуваноста, карактеристиките и стратиграфијата на постариот живопис направено е ренгенско снимање на Царските двери. Несомнено, постариот живопис бил доста оштетен, што

претставува основна причина за нестручното обновување на фигурите од претставата Благовестие.

Со извршените истражувачки работи на Царските двери (ск 16996) од црквата Свети Никола, с. Зрзе, Прилеп се утврдуваат заклучоци и се предвидуваат следните конзерваторско-реставраторски мерки:

Обемот и сложеноста на конзерваторско-реставратроскиот третман во целост ќе ги испочитува насоките од Проектната програма и резултатите од истражувачките работи. По извршувањето на превентивното фиксирање на иконописот, Царските двери ќе подлежат на конзерваторски интервенции за консолидирање на дрвените носачи. Одстанувањето на пресликите ќе даде нови вредности, а понатамошните конзерваторско-реставраторски мерки ќе ги следат историските и естетските принципи за презентација на ова дело.

1. Превентивно фиксирање на живописот со 5% туткален раствор и заштитна хартија;
2. Консолидација на дрвените носачи;
3. Фиксирање (подлога, боен слој и заштитен слој);
4. Одстранување на пресликi;
5. Обезмастување на третираните места;
6. Китирање;
7. Нивелација;
8. Ретуш и позлата;
9. Нанесување на нов заштитен слој.





3. Истражување, конзервација и реставрација на дваесет графички листови – бакрорези од црквата Св. Благовештение и Св. Димитрија во Прилеп

Прилепската збирка на графички листови се смета за една од најбогатите (после грчката) како по уметничката вредност така и според иконографските претстави. Според досегашните истражувања присутни се дела на познатите мајстори Захариe Орфелин и Тома Сидер Пенто. Поголемиот дел потекнуваат од светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иврион, а има и такви кои се печателе во Венеција, Виена и Ерусалим. Во 2004 г. Министерството за култура започна да го финансира овој проект во соработка со конзерваторската лабораторија на НУБ Климент Охридски-Скопје. Притоа сакам да напоменам дека истите се во доста лоша состојба со видливи механички и биолошки оштетувања, а кај голем дел од нив е започнат и процесот на распаѓање на хартијата. Во 2007 година одобрени се средства за истражување, конзервација и реставрација на дваесет графички листови – бакрорези. Се надеваме дека оваа исклучително значајна збирка и во ваков број единствена во Република Македонија и понатаму ќе биде дел од проектите финансирани од Министерството за култура за да потоа биде презентирана пред поширокатa јавност во Република Македонија и надвор од неа.



Графички листови-бакрорези

6. НУ Завод за заштита на културата и Музеј - Прилеп Филозофски факултет – Институт за Историја на уметност и археологија

1. Археолошко истражување и конзервација на локалитетите "Висока" и "Старо Бонче"

Реализацијата на овој проект беше во соработка на стручни лица од Филозофски факултет – Институт за историја на ументост и археологија, Скопје и студенти и стручни лица на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Целта на истражувањата беше да се пронајде правецот на раноантичкиот одбрамбен бедем, подобро да се проучи опусот на ѕидање, како и да се истражи предходно откриениот влез во градот (се претпоставува градот Пелагонија).



Остатоци од влез на утврдување на локалитетот "Висока", с. Крушевица

Се истражуваше на неколку локации во вкупно четири сонди. Сондите 1 и 2 лоцирани се пред самата порта, сондата 3 се наоѓа северно од сонда 2, додека сонда 4 се наоѓа во просторот на самиот влез.

Со истражувањата се добија контурите на дел од одбрамбениот бедем со вкупна должина од околу 20 м. Со сондата број 2 е утврдено дека бедемот е граден над карпа. Откриен е ѕид со висока сочуваност од 2,40 м. Со истражувањата со сонда 4 дефиниран е влезот, поточно просторот пред и во делот на портата, при што откриени се скалила од монолитни блокови со димензии 170 х 30 х 30 см.

При истражувањата откриено е мноштво движен материјал (керамички садови, монети и бронзени украсни предмети. Има наоди од раната антика, од IV век п.н.е. преку наоди на монети на македонските кралеви, од III и II век п.н.е. преку монети и керамика од римскиот и доцноримскиот период, се до доцниот среден век.

Комплексот Висока – Старо Бонче (со локалитетите Колкот, Павла Чука, Плаза, Спаница, Вампирот и др.) е од исклучителна важност со долга хронологија, комплексна стратиграфија од железно време преку антика до среден век. Комплексот поседува објекти и ѕидни опуси со монументален и владетелски карактер што несомнено упатува на високо репрезентативно рамниште.





Во склоп на овој проект археолошко истражување и конзервација на локалитетот “Висока” истовремено се вршеја и археолошки ископувања и на гробницата од македонски тип на локалитетот “Павла Чука”, с. Бонче. Реализацијата на овој проект беше во соработка на стручни лица од Филозофски факултет – Институт за историја на уметност и археологија, Скопје и студенти и стручни лица на НУ Завод и Музеј – Прилеп.

Се работеше на просторот на дромосот, а делумно на комората од истата. При тоа се утврди дека гробницата имала ограден ѕид со кружна форма изработена од големи и убаво изделкани камени блокови. Истовремено во јужниот дел на истата беше пронајдена и некропола со гробови од типот на цисти во кои не беше пронајден движен археолошки материјал поради што не може точно временски да се определи.





II. Музејска дејност

1. Стална археолошка поставка во НУ Завод и Музеј – Прилеп

Во рамките на програмата за музејска дејност беа одобрени 250000.оо денари, а со цел да се реализира целосно овој проект со одобрение од страна на Министерството за култура беа пренаменети средствата од проектот за опремување на лабораторија за конзервација и реставрација во висина од 345858.оо денари, како и дел од непреведените средства од минатата година за археолошки истражувања и конзерваторско-реставраторски работи на локалитетот "Бедем", Стибера, с. Чепигово, во висина од 200000.оо денари.

За реализација на овој проект беа превземени повеќе активности и набавка на материјали за истата:

- Изработка на витрини;
- Набавка и поставување на стакла;
- Изработка на фотографии и цртежи на експонатите кои ќе бидат изложени во истата;
- Набавка на опрема за видео презентација.





2. Борко Лазески – 90 години од раѓањето

По повод 90 години од раѓањето на Борко Лазески во соработка со Градска библиотека “Борка Талески” - Прилеп и Друштво за наука и уметност – Прилеп беше реализиран овој проект низ повеќе активности. Реализацијата на овој проект беше овозможена и од страна на семејството на уметникот особено во делот на позајмување на уметничките дела за реализација на изложбата.

Најпрво беше организирана трибина на која што соработници на Борко Лазески и други лица дадоа свои видувања за ликот и делата на уметникот.

Потоа беше реализирана изложбата на делата на Борко Лазески.

Преку видео презентација беа претставени делата на Борко Лазески низ Македонија како што се витражи, мурали, мозаици и други ликовни дела изработени на фасади или на други делови од објекти.



Фреска – мурал (Меморијален музеј “11-ти Октомври 1941”) Прилеп



Фреска – мурал (Музеј на НОВ) Крушево

3. Училиштето во Музеите и Музејот во Училиштето

По добиените средства за проектот "Училиштето во Музеите и Музејот во Училиштето" од Министерството за култура во износ од 36.000.оо ден. поголем дел од проектните задачи се остварени. Дел од зацртаните активности се отфрлени, заради малите средства кои ги добивме, но активностите беа така рационализирани за проектот да не ја изгуби основната идеја.

Рационализација на активности:

- Воспоставување проектна соработка со сите основни и средни училишта во Прилеп, соработка со Локалната самоуправа, другите потребни институции за реализација на проектот;
- Работилница за едукација на школски професионалци за асистенција во наставата и следење на развојот на наставата;
- Реализирање на школска настава:
  - Примена на интерактивен метод "Реминисценција" и "Мозаик" (методи за мобилизирање на претходно знаење и воведи во темите – иницијална настава);
  - Примена на наставен метод "драматизација на зададена тема".
- Активности за предизвикување медиски интерес (прес конференции, меил и дописни кампањи, грижа за пласирање написи во дневен печат);
- Креирање збирна информација и испраќање до Биро за развој на образованието;
- Организирање централна манифестација.





IV. Реконструкција на објекти

1. Адаптација на канцеларија во просторија за шалтер служба

По добиените средства (400000.оо денари) од Министерството за култура за реализација на проект – програма, Адаптација на канцеларија во просторија за шалтер служба, архива и телефонска централа и преуредување на депо во директорска канцеларија со темелна реконструкција, НУ Завод и Музеј – Прилеп ги изврши следните работи:

- ископ и бетонирање на темелни стопи;
- насипување и набивање на под до потребна висина;
- армирање и бетонирање на подна плоча;
- армирање и бетонирање на серклажи и “монтаферт” плоча;
- изработка на дрвена кровна конструкција;

- кровна покривка од фалцована ќерамида;
- зазидување на стари прозорски отвори;
- отворање на прозорски отвори во фасаден ѕид;
- поставување на електрична инсталација;
- малтерисување на надворешни ѕидови;
- изработка на внатрешни ѕидови со кнауф;
- изработка на спуштен таван со кнауф;
- поставување на бетонска кошулица;
- поставување на врата и прозори;
- набавка на канцелариски мебел.

V. Извршени увиди

Во текот на оваа година извршени се повеќе увиди на состојба на споменици на културата, други цркви и манастири, археолошки локалитети. Исто така направени се увиди и побарана е стручна консултација од црковните одбори, а со цел изведување на мали градежни интервенции, увиди по барање на МВР, Локална самоуправа, како и други правни и физички лица.

Општина Прилеп, Долнени и Кривогаштани

1. Археолошки локалитет Стибера, с.Чепигово;
2. Археолошки локалитет Старо Бонче;
3. Археолошки локалитет Горно Село;
4. Археолошки локалитет “Баба”;
5. Локалитет “Црна Тумба”, с. Марул;
6. Црква Св. Никола, с.Големо Радобил;
7. Црква Св. Тројца , с.Десово;
8. Црква Св. Марена, с. Боротино;
9. Црква Св.Никола, с. Слепче, (Манастир);
10. Црква Св. Никола, Варош;
11. Црква Св. Преображение;
12. Црква Св. Богородица, Горно Село;
13. с. Пешталево;

14. Парк на Револуцијата;
15. СтараЧаршија.
16. Варош - при реализацијата на канализационата мрежа;
17. Маркови Кули – при изградба на патека.

VI. Одделение за документација (ИНДОК-Центар)

Во ИНДОК – Центарот, Одделение за документација се врши евиденција на целокупниот музејски материјал што го поседува НУ Завод и Музеј – Прилеп, во Влезна книга на музејски материјал – Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Влезната книга, Книгата на инвентар, Излезна книга, Картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација. (Член 20, став 6 од Законот за музеите, "Сл. весник на Република Македонија" бр.66/04).

Во текот на изминатата 2007 година, во Влезната книга се евидентирани 276 музејски предмети.

Евиденција на музејски материјал кој трајно или привремено излегол од НУ Завод и Музеј – Прилеп во текот на овој период, во Излезната книга на музејски материјал евидентирани се 109 музејски предмети.

Евидентирани се 4 поставки на изложби и тоа 3 поставки на изложбата "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп и тоа во Кочани, Кичево и Струга и една поставка на изложбата "Разговор со Винсент" од Маја Ралева во Галеријата на икони – Прилеп.

VII. Педагошко водичка служба

Во НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај другото се обавува и педагошко водичка служба. Истата се изведува во објектите во надлежност на нашата установа и тоа:

1. Меморијален музеј "11 Октомври 1941"
2. Меморијален музеј " Кузман Јосифоски-Питу"
3. Паркот на Револуцијата
4. Галерија на икони

5. Спомен дом "Блаже Конески", с. Небрегово
6. Музеј за тутун

Покрај во предходно наведените објекти педагошко водичка служба беше обавувано и по спомениците на културата во Прилеп и прилепско. Сите предходно наведени објекти како и постојаните и повремените изложби беа посетени од голем број на посетители како поединечно така и во групи. Посетите редовно беа изведувани со одржување на историски часови или презентирање на поставката. Посебно би сакала да ја истакнам редовната посетеност од страна на основните и средните училишта.

VIII. Вонпрограмски активности

Покрај редовните активности произлезени од Законот за заштита на културното наследство, а утврдени и финансирани со Програмите на Министерството за култура презедовме и други активности во функција на презентација на движното и недвижното културно наследство. Во тој поглед би ги споменале:


1. Изработка на Основен проект "Темелна реконструкција на источниот конак од манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил, Варош, Прилеп

Потребата од реконструкција на источниот конак од манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил, Варош, Прилеп ја наложи изработката на овој Основен проект во кој се содржани параметрите потребни за негова реализација во најскоро време. Изработувач на овој Основен проект со технички број: 174/2007 е ДООЕЛ "Перкан Проект", Прилеп

2. Изложба "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп"

Во рамките на Програмата за музејска дејност, Министерството за култура на Република Македонија на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид му ја одобри и финансира изложбата "Графички листови 18-19 век од збирката на Музеј Прилеп". Имено се работи за графички листови кои предходно во соработка со конзерваторската лабораторија на НУБ "Св. Климент Охридски"

од Скопје беа козервирани и подготвени за презентација. Со оглед што овие графички листови за прв пат беа изложени во Македонскиот културен центар во Њујорк следеше презентација за прв пат во Македонија т.е. во Прилеп. Истата беше поставена во Центарот за култура во Прилеп, а во рамките на Прилепското културно лето беше отворена на 04.08.2006 г. од страна на претседателот на МАНУ, академик Цветан Грозданов. Изложени беа 33 графички листови со мотиви од манастирите, светители и религиозни композиции. Поголемиот дел потекнуваат од светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иврион, а има и такви кои се печателе во Венеција, Виена и Ерусалим. За изложбата е подготвен каталот. Автор на текстот и комесар на изложбата беше Славица Алексоска, виш кустос, дизајнот и компјутерската подготовка на каталогот е на Биљана Темелкоска, а фотографиите се на Димитрија Димески. Изложбата предизвика големо внимание во јавноста и истата беше посетена од голем број посетители.



Корица на каталогот

Поради зголемениот интерес во јавноста изложбата беше поставена во Национална галерија – Скопје и НУ Завод и Музеј – Битола. На 04.05.2007 год. истата беше поставена во Центарот за култура "Бели Мугри" во Кочани.

На 19.05.2007 год. изложбата беше отворена во Галеријата на икони во Охрид, сместена во Црквата Св. Богородица Перивлепта.

На 15.06.2007 год. отворена е во Ликовната галерија "Вангел Коџоман" во рамките на НУ Народен Музеј "Д-р Никола Незлобински", Струга.

На 26.12.2007 год. во соработка со НУ Музеј на западна Македонија во НОВ истата беше поставена во Кичево.

3. Ден на Музеите

Со оглед на фактот што оваа година Прилеп беше Град на културата, Македонскиот национален комитет на ИКОМ во соработка со НУ Завод и Музеј – Прилеп овогодишното советување го организираше во Прилеп. Теми на советувањето беа:

- Музеите и универзалното наследство;
- Превентивната заштита на културното и природното наследство.

На советувањето присуствуваа околу 60 музејски работници од кои 12 имаа свое излагање. Покрај работниот дел беа посетени и поголем број споменици на културата и музејски поставки. Бидејќи сите музеи во Македонија на 18 Мај имаат свои активности, советувањето беше одржано на 16 Мај.



4. Денови на Крали Марко

На 18.05.2007 год., во рамките на манифестацијата Прилеп Град на културата се одржа тркалезна маса на тема “Прилеп престолнина на Кралот Марко” на која што стручни лица од нашиот град со свои трудови зедоа учество на истата. Од НУ Завод и Музеј – Прилеп со свои трудови се претставија Рубинчо Белчески и Лилјана Кепеска.


Покрај тркалезната маса беше одржана и пригодна програма за ликот на Крали Марко.

5. Изложба “Споменичкото наследство од прилепскиот крај”

На 25.05.2007 год., во рамките на манифестацијата Прилеп Град на културата беше отворена изложбата “Споменичкото наследство од прилепскиот крај” која имаше за цел да презентира дел од богатото културно наследство на прилепскиот крај.

Во соработка со Локалната самоуправа на општина Прилеп беа подготвени шест разгледници на споменици на културата или делови од истите.





6. Соработка со Црквата "Св. Благовештение" Прилеп

По повод 170 годишнината од изградбата на црквата Св. Благовештение која што треба да се одбележи во 2008 година по иницијатива на Старешината на црквата со вработени на НУ Завод и Музеј – Прилеп беа одржани неколку работни средби. На истите беше заклучено дека е потребно да се подготви монографија за црквата во која ќе бидат опфатени сите сегменти на нејзиното постоење вклучувајќи и стручен дел подготвен од страна на стручните лица од НУ Завод и Музеј – Прилеп.

7. Изложба "Разговор со Винсент" од Маја Ралева - Ацо

На 12.12.2007 год. во Галерија на икони отворена е изложбата од областа на вајарството на авторот Маја Ралева од Скопје. Изложбата е насловена како "Разговор со Винсент" и на неа се изложени 23 инсталации преку кои Ралева на свој специфичен начин комуницира со една од најмаркантните личности од крајот на XIX век. Изложбата има два дела: Првиот дел е централниот натпис: "Иако ја гледам стварноста на лудачкиот живот, јас сум сепак човек". Вториот дел: поединечни кутии во кои се сместени извадоци од неговите писма праќани до неговиот брат Тео, распоредени така да го испровоцира самиот посматрач да му се приближи и потикне да учествува во него, т.е. да стане дел од самото дело.



VIII. Заеднички служби

Правно административно одделение

Во рамките на ова одделение беа извршени следните работи и работни задачи:

- изработка и поднесување на извештај за работа за 2006 година;
- изработка на допис во врска со барањето на Влада на РМакедонија – Управа за имотно правни работи при Министерство за финансии;
- изготвување на решенија за плати за вработените во НУ Завод и Музеј – Прилеп;
- изготвување на План програма за користење на годишен одмор за 2007 година за вработените;
- изготвување на план – програма за јавни набавки од мала вредност за 2007 година по иницијатива на вработениот во ова одделение;
- поднесено барање за повлекување на решенијата за плати по извршени констрултации;
- работа на платен налог Пл. 1711/07 од 28.08.2007 год. и поднесување приговор до Општински суд Прилеп во врска со овој платен налог;
- изготвување на пријава за ревалоризација на културното наследство на подрачјето на Општина Прилеп за 2008 година;
- дадено известување за имотни листови и скици до директорот за објектите: Чарши Џамија, Могила на непобедените и Манастир “Св. Никола” во с. Слепче;
- поднесено барање до Министерство за култура да изврши управен надзор согласно Законот за култура;
- издавање на документи од судската регистрација на НУ Завод и Музеј – Прилеп;
- поднесено писмено известување по Основен проект со прилози за решенија во работна верзија;
- поднесено писмено известување по итна ургенција поднесена од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- прибирање на податоци за изготвување на извештајот за 2007 година.

Специјална Библиотека

Во 2007 година како и секоја година, во библиотеката на НУ Завод и Музеј – Прилеп се набавува и стручно се обработува од страна на библиотекарот новата литература. До истата се доаѓа по пат на претплата, размена или подарок. Во текот на 2007 година ново набавени се 72 книги, 60 списанија и 9 речници и при тоа изготвени се 72 каталожни картончиња на книгите и 350 каталожни картончиња на списанијата. По пат на размена испратени се 30 книги во издание на НУ Завод и Музеј – Прилеп до други музеи, заводи и други установи во земјата и странство со кои библиотеката остварува соработка по пат на размена.

Освен досегашното картотечно водење на библиотеката, изготвена е програма со која компјутерски се обработуваат книгите по области, по периоди, по автори или по друг основ, односно воведена е автоматизација во секојдневното работење и пребарување како најважен аспект на библиотечното работење. Со осовременувањето во библиотечното работење, дигитализиран е дел од библиотечниот фонд на нашата установа и оваа обработка продолжува и во наредниот период.

Покрај тоа за потребите на вработените вршени се и други работи и работни задачи како:

- пишување на текстови, писма, извештаи и друго;
- компјутерска обработка на податоци и слично;
- подготовка на каталози, покани и слично;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на библиотеката.

Фотолабораторија

Последниве години во НУ Завод и Музеј – Прилеп се практикува за секој проект да се изработува фотодокументација и посебно видео документација што секако е нешто ново во однос на предходните години. За потребите на стручните лица вршени се следните работи и работни задачи:

- изработка на фото документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на видео документација на движни и недвижни споменици на култура;

- изработка на фото и видео документација на изложбите и промоциите;
- изготвување на покани и каталози за изложбите и промоциите;
- учество при увид на стручна екипа;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на фотолабораторијата.

Архива и Народна Одбрана

Согласно Законот за архивска граѓа и уредбата за канцелариско и архивско работење во текот на 2007 година беше изготвен план на архивски знаци за распоредување на актите за 2007 година на НУ Завод и Музеј - Прилеп за што добивме согласност од Архив на Македонија ПО–Прилеп. Раководејќи се по планот беше водена архивата и деловодниот протокол. Во рамките на архивата водени се уредно сите потребни книги на нашата институција.

Во рамките на одбраната вршени се сите неопходни работи. Постојано од страна на лица од Министерството за одбрана ПО Прилеп сме посетувани и целосно ги применуваме нивните препораки.

Финансиско книговодствена служба

Во рамките на оваа служба во оваа година се обавуваа следните работи:

- книжење на материјалните и финансиски документи ;
- изготвување на завршни сметки;
- изготвување на временски извештаи, планови и слично;
- редовно доставување на статистички и други извештаи;
- извршување на вирманска исплата;
- фактурирање извршени услуги;
- извршување на други работи и работни задачи што произлегуваат од природата на оваа служба.

*

Според се она што беше кажано досега можеме да заклучиме дека НУ Завод и Музеј – Прилеп ги реализира во целост проектите финансирани од страна на Министерството за култура. Покрај тоа НУ Завод и Музеј – Прилеп организираше

и реализира голем број на проекти кои што не произлегоа од Програмата за заштита на културното наследство или од Програмата за музејска дејност, а произлегуваат од Правилникот за распоредување на работи и работни задачи со опис и попис на работите и работни задачи, Статутот на НУ Завод и Музеј – Прилеп, Закон за заштита на културното наследство, Закон за музеите како и Закон за културата како и проекти во соработка со други културни установи од Република Македонија, разни друштва, невладини организации и други субјекти и поединци.

Директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп
Гордана Данилоска Спироска